DISCOVER
ITS BEAUTY

ОТКРИЈТЕ
ЈА НЕГОВАТА УБАВИНА

I Дел

# Врв на санта мраз

ДР. НАЏИ ИБРАХИМ



# Врв на санта мраз

## „Тој“...

- нè инспирира да имаме добри намери, позитивно однесување, и пријатни чувства кон другите.
- нè учи да им простуваме на другите и да им го посакуваме на другите она што го посакуваме за себе.
- нè поттикнува искрено да се насмевнуваме и да бидеме весели и оптимисти.
- нè наведува да се однесуваме и да ги третираме другите учтиво и со почит.
- ни заповеда да имаме добри манири и убаво однесување со луѓето.
- нè учи да бидеме нежни со животните, птиците и околината.
- ни укажува да ги почитуваме и да се грижиме за нашите родители и постарите, и да бидеме добри кон нашите сопружници, деца и другите членови на семејството.

**Дали сте љубопитни во врска со „него“? Дозволете ми да споделам уште нешто со вас! „Тој“ исто така...**

- нè охрабрува да ги помагаме, храниме и поддржуваме тие што се слаби, сиромашни, што имаат потреба, како и хендикепираните.
- нè упатува да бидеме великодушни, добротвори, корисни и подготвени за соработка.
- нè поттикнува да бидеме позитивни со ангажирање во волонтерска и општествено корисна работа.
- ни кажува дека најдобри луѓе се тие кои се најкорисни за другите.
- потврдува дека најчесните и најблагородни луѓе се оние што се најпобожни и најправедни, чиишто срца се чисти и прочистени од завист, омраза и ароганција.
- нè поттикнува да размислуваме, да расудуваме, да сознаваме и нашите верувања и судови да ги темелиме на докази.



**Пред да ви ја откријам тајната, дозволете ми да истакнам дека „тој“ дополнително...**

- нè учи дека сите луѓе се еднакви без разлика на нивната раса, јазик и националност.
- забранува секаква форма на апартхејд, класна дискриминација и расизам.
- ни заповеда да ја одржуваме безбедноста, да шириме мир и да живееме во спокојство и хармонија на Земјата.
- ни укажува да не правиме престап кон другите или да ги отуѓуваме нивните пари или имот.
- го забранува убивањето на невини луѓе, како и предавството, измамата и кршењето договори.
- ни укажува да ја избегнуваме омразата и непријателството кон другите.
- ни укажува да не ги повредуваме, озборуваме, исмејуваме и презираме другите.
- ни заповеда да не мамиме, кажуваме лаги или да мислиме лошо за другите.
- нè упатува кон вистинитост, правда, доверливост, великодушност и понизност.
- ни укажува да одржуваме добар однос со нашиот Создател, со самите себе и со другите.
- ни кажува да веруваме во Аллах, Единствениот вистински Бог, Создателот, и само Него да го обожуваме.
- нè учи да веруваме во сите Веровесници и Пратеници на Аллах, Единствениот вистински Бог, вклучувајќи ги и Адам, Ное, Авраам, Мојсеј, Исус и Мухамед (Божјиот мир нека биде над нив).
- Навистина, тоа нè води кон крајната вистина и успех, вистински мир на умот, вистинска среќа, спасение, и вечен живот.

**Сега, да ви кажеме кој е „тоа“...**



СВЕТАТА ЏАМИЈА, МЕКА, САУДИСКА АРАБИЈА

# Тоа е исламот

**Доколку умовите се заробеници на предрасудите и тесноградоста, тие никогаш нема да ја препознаат убавината или вистината на исламот!**

Можеби некои читатели веќе имаат однапред замислени негативни перцепции за исламот. Можеби тие го виделе само како што тој е прикажан во медиумите, фокусирајќи се на терористите – неколкумина од нив кои биле терористи без разлика на нивната религија. Можеби тие прочитале или слушнале за исламот од некој неавтентичен или пристрасен извор.

Во секој случај, ако сте искрено заинтересирани да откриете поверодостојни информации за исламот, ве покануваме да ја прочитате – објективно и со отворен ум – оваа книшка и другите делови од серијалот ***„Откријте ја неговата убавина“***, демонстрирајќи ја убавината и величината на исламот, кој јасно ја кажува вистината за:

- **Создавањето на вселената и на човечките суштества.**
- **Чистиот концепт за Единствениот вистински Бог, Аллах, Создателот.**
- **Аллаховите убави имиња.**
- **Целта на животот.**
- **Начинот на стекнување вистинска среќа и крајно задоволство.**
- **Религијата на Адам и Ева.**
- **Азбуката на исламот.**
- **Одговорот на критичните прашања на човештвото.**
- **Последното Откровение.**
- **Последниот Веровесник.**
- **Животот после смртта.**



ПРАТЕНИКОВАТА ЏАМИЈА, МЕДИНА, САУДИСКА АРАБИЈА

# Исламот одговара на критичните прашања

**Исламот одговара на критични прашања, како:**

- Која е крајната вистина?
- Кој нè создал?
- Дали постои Бог?
- Кој е нашиот вистински Бог?
- Кој е последниот Божји Пратеник?
- Кого треба да обожуваме?
- Кои сме ние?
- Зошто сме тука?
- Што ќе се случи откако ќе умреме?
- Каков ќе биде следниот живот?
- Која е нашата последна дестинација – Рајот или Пеколот?
- Како можеме да постигнеме вистински мир на умот, успех и вистинска среќа?
- Како можеме да го достигнеме вечниот живот?






МУСТАФА-ПАШИНА ЏАМИЈА, СКОПЈЕ, Р. С. МАКЕДОНИЈА

# Заклучок

Колку повеќе читате и учите за исламот од автентични и релевантни извори, толку повеќе ќе откриете дека тоа е вистинската религија на Адам и Ева и нивните потомци сè до крајот на овој свет. Исламската религија е едноставна, логична, јасна, практична и сеопфатна.

Убавината на исламот е вечна бидејќи доаѓа од Бесконечниот, Создателот. Единствениот вистински Бог, Аллах, наведува во Куранот:

**Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера.** (5:3)

Истиот, Единствениот вистински Бог, Аллах, ни кажува дека Мухамед (Божјиот мир нека биде над него) е Неговиот последен и конечен Пратеник, испратен за целото човештво (евреите, христијаните, муслиманите, индусите, будистите, атеистите, агностиците и другите).

Аллах го нуди Своето упатство и светлина на сите луѓе. Тој ги открива тајните и клучевите преку кои ние можеме да постигнеме спокојство и задоволство, како и духовен и глобален мир.

Исламот нè учи да бидеме праведни, мудри, искрени, чесни, објективни и слободноумни во нашата потрага по вистината.



СУЛТАН АХМЕТ ЏАМИЈА, ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА

# Дефиниција на поважните имиња во исламот

**Аллах:** На арапски, Аллах е соодветното име за Единствениот вистински Бог, Создателот. Исламот учи дека Аллах е вистинскиот Бог на целото човештво. Евреите и Арапите христијани го користат ова име, Аллах, кога се однесува на Бог, и тоа е зборот кој се користи за Бог во Библијата на арапски јазик.

**Мухамед (Божјиот мир нека биде над него):** Последниот Пратеник на Единствениот вистински Бог, Аллах, Создателот; испратен за целото човештво.

**Благородниот Куран:** Последната Реч на Аллах, Единствениот вистински Бог, која му била објавена на Пратеникот Мухамед.

**Ислам:** Покорување на Волјата на Аллах, Единствениот вистински Бог.

**Муслиман:** Оној кој се покорува на Аллах, Единствениот вистински Бог и само Него го обожува.

**Џамија (месџид):** Чисто место за поклонување кое муслиманите главно го користат за молитва и обожување.



АЛЛАХ НА АРАПСКИ



МУСЛИМАН СЕ МОЛИ НА АЛЛАХ (Вистинскиот Бог)



БЛАГОРОДНИОТ КУРАН



МУХАМЕД НА АРАПСКИ

# Дали сте љубопитни?

Доколку сте љубопитни и заинтересирани да откриете повеќе информации за исламот, ве молиме да ги посетите нашите веб страници:

**www.belig.mk**

**www.discoveritsbeauty.com**

## Серијалот „Откријте ја неговата убавина“

1. **Врв на санта мраз**
2. **Религијата на Адам и Ева**
3. **Азбука на исламот**
4. **Одговори на критичните прашања на човештвото**
5. **Неговите убави имиња**
6. **Последното Откровение**
7. **Последниот Веровесник**

## Корисни исламски веб страници

**www.bfi.mk**
**www.makislam.com**
**www.infoislamik.wordpress.com**
**www.monoteizam.org**
**www.ceipa.pmf.ukim.mk**

# Сведоштвото на верата
## (Преминот кон исламот)

**„Сведочам дека нема друг вистински бог освен Аллах, и сведочам дека е Мухамед Пратеникот на Аллах.“**

На арапски тоа звучи вака:

أَشْهَدُ أَنْ لَا إِلَٰهَ إِلَّا اللهُ وَأَشْهَدُ أَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللهِ

**ЕШ-ХЕДУ ЕН ЛА ИЛАХЕ ИЛЛАЛЛАХ, ВЕ ЕШ-ХЕДУ ЕННЕ МУХАММЕДЕН РЕСУЛУЛЛАХ**

Ова е сведоштво на верата кое некој треба да го изговори за да го прифати исламот; тоа ја сумира вистината, убавината и едноставноста на исламот.






GLOBAL ACADEMY FOR TRANSLATION AND EDUCATION (GATE)
LONDON | THE UNITED KINGDOM

كتاب رأس الجبل الجليدي باللغة المقدونية